РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Архивски бр. 04 – 29646/26-4
Датум: 16 -11- 2026

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а согласно член 4 од Законот за практикантство („Службен весник на РСМ“ бр. 98/19 и 103/21), Програмата за практикантска работа во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Јавниот оглас број 03/2026 од 08.10.2026 година за практикантска работа, министерот за надворешни работи и надворешна трговија ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на кандидати за практикантска работа

Член 1

За практикантска работа во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, согласно Програмата за практикантска работа и Јавниот оглас бр. 03/2026, се избираат следните кандидати:

1. Горазд Мицев
2. Мартин Диманоски
3. Филип Јанковски
4. Стефани Николовска
5. Јана Симоска
6. Јасин Мемеди
7. Ања Павловска
8. Марко Алексов
9. Александар Чолаков
10. Тео Трендафилов
11. Јан Николов
12. Гонце Алиу
13. Ана Софеска
14. Благица Спасевска
15. Никола Столески
16. Вивиен Орданоска

Член 2

Избраните кандидати ќе ја извршуваат практикантска работа во организационите единици на Министерството согласно утврдените потреби и Програмата за практикантска работа во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Член 3

Практикантската работа ќе се реализира во периодот од 1 декември 2026 година до 31 декември 2026 година

Член 4

Се задолжува Секторот за управување со човечки ресурси да ги извести избраните кандидати и да ги преземе потребните активности за нивно распоредување и започнување на практикантската работа.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на 08.10.2026 година објави Јавен оглас бр. 03/2026 за практикантска работа, согласно член 4 од Законот за практикантство („Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 103/2021), а во врска со Програмата за практикантска работа во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Практикантската работа се организира со цел стекнување практични знаења и вештини од областа на надворешната политика, меѓународните односи, правото, економијата и административното работење.

По истекот на рокот за пријавување, Комисијата за спроведување на постапката за селекција и избор на кандидати за практикантска работа, на доставените пријави и документацијата на кандидатите изврши административна проверка на поднесените пријави и утврди кои кандидати ги исполнуваат условите од Јавниот оглас, по што спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваа условите утврдени во Јавниот оглас, достави Записник со предлог-листа на кандидати за избор, врз основа на кој е донесена оваа одлука.

Со оглед на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

МИНИСТЕР
Тимчо Муцунски

Одобрил: Кабинет на МНРНТ

Изготвил:С.Колчакоски
Контролирал: НО Е Велиу
Согласен: ДОР И. Каранфиловски
Одобрил: ДСек д-р Ј. Палашевски